Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НПМ) на 17.09.2013 година спроведе последователна посета на Јавната установа за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ„ Скопје. Оваа посета беше реализирана во соработка со Здружението на социјални работници на Град Скопје и Комората на психолози на Република Македонија.

Целта на последователната посета е следење над спроведувањето на препораките од посебниот извештај на НПМ од 2011 година и идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Посетата на Јавната установа за згрижување деца се спроведе во неколку чекори. Тимот на НПМ заедно со надворешните соработници спроведе разговор со социјалниот работник и еден воспитувач, а потоа спроведе увид во сместувачките капацитети, увид во наставните простории и капацитети, заедничките простории, санитарните јазли и тушевите, мензата и кујната, двата магацина и друго. Воедно Националниот превентивен механизам спроведе увид во соодветната документација, како и во индивидуалните планови на штитениците и спроведе разговор со еден штитеник сместен во установата.

НПМ спроведе таргетирана посета која се фокусираше на неколку негативни констатации од посебниот извештај од 2011 година и проверка над спроведувањето на дадените препораки за подобрување на состојбите и елиминирање на недостатоците и ризиците кои би можеле да доведат до тортура или друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

НПМ при последователната посета утврди дека најголемиот број на препораките на Народниот правобранител како национален превентивен механизам упатени (дадени) по посетата остварена во месец декември 2011 до ЈУ и МТСП не беа спроведени. Само неколку од препораките беа делумно имплементирани и една целосно имплементирана.

При последователната посета НПМ утврди дека бројот на штитеници е помал и од првата посета. Имено беше утврдено дека сместувачките капацитети на установата изнесуваат 75 штитеници, актуелно се регистрирани 16 деца, 4 женски и 12 машки, а присутни во моментот беа само 2 штитеници од машки пол на возраст од 16 и 18 години. НПМ тимот доби информација дека дел од штитениците се оправдано отсутни (со дозвола), а дел биле во бегство, за што биле известени надлежните институции (МВР и МЦСР) и истото било евидентирано во установата. Установата согласно членот 120 од Законот за социјалната заштита е должна да обезбеди за корисниците соодветни услови за сместување, исхрана, планирано и организирано спроведување на содржини, мерки и активности во процесот на нивното воспитание и образование, слободни активности и културно-забавен живот, како и да се грижи за животот и здравјето на корисниците сместени во установата.

НПМ тимот при последователната посета утврди дека ниту еден од двата присутни штитеника (од кои едниот треба да посетува настава во 7-одделение, а другиот 1 година во средно училиште) не посетуваат настава, имено штитеникот од седмо одделение воопшто не посетува настава, односно не е заведен во образовниот процес, а другиот штитеник не посетува редовно настава во средното образование. НПМ тимот уште еднаш укажа на големиот проблем со нискиот степен на образование на оваа категорија на деца. НПМ тимот заедно со надворешните експерти-социјалните работници и психологот сметаат дека е потребно дополнително, сериозно и засилено да се работи со истите во текот на воспитно-образовниот процес.

Воедно при последователната посета НПМ утврди дека во Установата не се спроведуваат никакви активности. Двете деца што беа присутни во моментот во Установата не беа ангажирани во ниту една активност. НПМ смета дека во однос на користење на слободното време на штитениците од Установата им недостасува организиран план и програма за нивно вклучување во одредени форми на неформалното образование: посетување на курсеви за компјутери, вклучување во спортски здруженија и слично. Меѓутоа во разговорот со вработените беше кажано дека НВО Хера од Скопје им држи едукација на децата во делот на сексуално-репродуктивното здравје. Како дополнителен проблем при последователната посета во установата се наведе немањето на медицинско лице и возило во установата (децата се одвезуваат на лекар со автобус или со приватно возило) кое би им помогнало на корисниците благовремено да ја добијат потребната медицинска заштита.

Што се однесува на материјалните услови Националниот превентивен механизам спроведе увид во неколку простории од машкото одделение, при што утврди дека истите сеуште се недоволно опремени, во нив има само оштетени кревети и ормари. При увидот се утврди дека хигиената во собите не се одржува редовно и не беше на задоволително ниво. НПМ смета дека овие простории, иако во нив во моментот нема сместени лица, треба редовно да се чистат и одржуваат заради заштита од уништување, т.е. пропаѓање со што би се намалил квалитетот, т.е. стандардите на сместување.
Од констатираната состојба при последователната посета НПМ заклучи дека Установата не ја исполнува целта за која е основана, односно целта за која е наменета согласно членот 45 од Законот за правда на децата со кој се предвидува упатувањето во воспитна установа да се врши заради обезбедување постојан надзор од страна на стручни лица (со стручна и школска подготовка за воспитувачи) заради воспитување, превоспитување и правилен развој.

Како резултат на реализираната последователна посета Националниот превентивен механизам подготви извештај во кој ги констатираше состојбите и даде соодветни препораки упатени до Министерството за труд и социјална политика и до ЈУ за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ„ Скопје со цел да се елиминираат недостатоците и ризиците.